# ЗАПИСНИК

Од одржаната 42-ра седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 31.01. 2024г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Наумче Смилевски и Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска – раководител, Николина Лозановска – советник, Филип Радевски - советник.

Гостин на 42-та седница, беше Александар Стефановски, директор на ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 41-ва седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023г. до 31.12.2023 год.;
3. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за реализација на договорот за ЈПП за 2023 година;
4. Разгледување и донесување на Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;
5. Разгледување и донесување на План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;
6. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023г.;
7. Разгледување и усвојување на Извештај за организација на манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2023г.;
8. Разгледување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Могила;
9. Разгледување на Барање од Борче Крстевски од Живојно;
10. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 42-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со една точка која се однесува на ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци кое поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница.

1. Разгледување и усвојување на Правилникот за внатрешна организасија и Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД „Комунална хигиена " Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** го прифати предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 42-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 11 (единаесет) точки, со тоа што точката бр. 10 - Советнички прашања, преминува во точка бр.11.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 41-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 41-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.10.2023 год. до 31.12.2023 год.;

Раководителот на финасиии, Оливера Димитровска зеде збор за оваа точка и пред советниците даде објаснување за финалниот квартален извештај според кој остварените приходи ги надминуваат планираните приходи, расходите се на добро ниво, обврските се значително намалени во споредба со оние на почетокот на годината, а обврските по основ на кредити тековно се исплаќаат и ќе се провлекуваат до 2033 год.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023г. до 31.12.2023 год.

**3 точка** Разгледување и усвојување на Годишен извештај за реализација на договорот за ЈПП за 2023 година;

По однос на третата точка, Филип Радевски - советник, пред Советот даде објаснување за Извештајот кој не е обврзувачки, но кој се доставува на разгледување поради поголема транспаретност. Имено во 2023 год. приватниот партнер поставил нови 86 сијалични места покрај редовното одржување на веќе постоечките.

По објаснувањето и кратката дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишениот извештај за реализација на договорот за ЈПП за 2023 година.

**4 точка** Разгледување и донесување на Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата која го третира решавањето на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, кој според законските прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни. Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето со **8 гласа за и 1 глас против** донесе Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година.

**5 точка** Разгледување и донесување на План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;

Советот на Општина Новаци го разгледа Планот во кој се утврдува стратегијата, активностите за третирање на бездомните кушиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето за планиран период од една година, односно за 2024 година.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас против** донесе План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година.

**6 точка** Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023г;

Советот на Општина Новаци го разгледа Извештајот во кој детално е опшшано во кои населени места какви активности се реализирано и колкав бил буџетот за секој проект.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023г;

**7 точка** Разгледување и усвојување на Извештај за организација на манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2023г.;

Советот на Општина Новаци го разгледа Извештајот според кој за реализација на овој дводневен фестивал Општина Новаци додели 600.000,00 ден., додека по основ на дотации се добиени 408.000,00 ден. така да вкупниот буџет изнесуваше 1.008.000,00 ден. Додека вкупно искористените средства се во висина од 1.004.107,00 ден. Останувaат неискористени расположливи средства во износ од 3.893,00 ден.

Советниците по разгледувањето на Извештајот гласаа, така што со **7 гласа за и 2 гласа против** донесоа Одлука за усвојување на Извештај за организација на манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2023г.

**8 точка**: Разгледување на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Могила ;

Советот го разгледа предлогот доставен од Општина Могила до Општина Новаци за воспоставување на МОС, за вршење на работи во областа на водење на постапка за оттуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба кое ќе го извршува лице вработено во Општина Новаци, во име и за сметка на Општина Могила.

Советот на Општина Новаци по рагледувањето, точката ја стави на гласање, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

**9 точка:** Разгледување на Барање од Борче Крстевски од Живојно;

Барањето е доставено од страна на МЗ Живојно во име на Борче Крстевски кој живее во субстандардни нехумани услови ( во една соба направена од плитари, без вода, без струја, со таван кој секој момент може да се сруши ), примател на минимална социјална помош. Во вакви слични па и потешки услови живеат уште едно семејство (брат и сестра) во село Рапеш поради што наведените лица се лица со најголем социјален ризик во Општина Новаци.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за набавка на 2 (два) монтажни објекти за домување наменети за Борче Крстевски жител на село Живојно и Анѓа и Благоја Димовски жители на село Рапеш

**10 точка:** Разгледување и усвојување на Правилникот за внатрешна организасија и Правилникот за систематизација на работните места на ЈПКД Пела хигиена Новаци;

По однос на оваа точка збор зеде Александар Стефановски, директор на ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци кој пред советниците ги презентираше двата акти.

Советот на Општина Новаци ги разгледа Правилниците и со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за давање на Согласност на Правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена'' Новаци и Одлука за давање на Согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена'' Новаци

**11 точка** <u>Советнички прашања.</u>

Советникот Љупчо Петровски постави прашање за тоа дали Општина Новаци ги надомести финансиските средства што Драги Каранфиловски жител од Долно Агларци ги вложил во изградбата на капелата во црквата во с. Д. Агларци.

На ова Градоначалникот Стевановски одговори дека нема да се реализира обештетувањето, затоа што за тоа нема правно решение, поради тоа што Општина Новаци не е нарачател на изградбата на споменатата капела.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 42-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска